## ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизијата на успешност спроведена кај Министерството за економија - Биро за метрологија - средства за купување/изградба на лаборатории за периодот на извршување на активностите, отпочнувајќи од снимањето на потребата за обезбедување на деловен простор за лаборатории до периодот на испорака на опремата која е предвидено да биде инсталирана во истите. Временската рамка на овие активности ревизијата ја дефинира од 30.08.2004 година до 15.07.2005 година.

Ревизијата на успешност е извршена согласно член 3 став 1 до 4 од Законот за државната ревизија од страна на тим од Државниот завод за ревизија во состав:

- Тања Тасевска - Помошник главен државен ревизор и Овластен државен ревизор и
- Соња Божиновска - Виш ревизор;

Ревизијата на успешност кај Министерството за економија - средства за купување/изградба на лабораторија е планирана и спроведена активност согласно писмено барање на Министерот на министерството за економија Фатмир Бесими и не претставува активност планирана со Годишната Програма на Државниот завод за ревизија за вршење ревизија за 2005 година.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да одговори на следните ревизорски цели:

1. **Дали од средствата за купување/изградба на лаборатории од Министерството за економија на РМ се извршени пренамени, прелевања и употреба на средства за реализација на кампањата “Сонце на годината“ во Минситерството за економија на РМ?**

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност кај изворите и користењето на средствата за купување/изградба на лабораторија во Бирото за метрологија, изворите и користењето на средствата за кампањата “Сонце на годината“ и нивната меѓусебна поврзаност се подетално објаснети во Прилог 1 од овој извештај.